# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Службен гласник на Општина Велес**

Излегува по потреба

**Број 8 година LV**

**17 мај 2019 година**

**Бр. 114**
Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за прифаќање на донација од Друштвото за производство на предиво и конец Ветекс АД Велес**

Се објавува Одлуката за прифаќање на донација од Друштвото за производство на предиво и конец Ветекс АД Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.05.2019 година.

Број 08-1996/1
17.05.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Сл. весник на РМ" бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14,15/18 и 6/19),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.05.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на донација од Друштвото за производство на предиво и конец ВЕТЕКС АД Велес**

**Член 1**
Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од 57 (пеесет и седум) половни противпожарни апарати, дадена од давателот Друштвото за производство на предиво и конец ВЕТЕКС АД Велес.

**Член 2**
Донацијата која се дава на Општина Велес се состои од специјализирани 57 (пеесет и седум) половни противпожарни апарати со шишенце за погонски гас тип S-9, од производителот “ПАСТОР” Загреб.

**Член 3**
За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател на донацијата и Друштвото за производство на предиво и конец ВЕТЕКС АД Велес, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 4**
По склучувањето на договорот, противпожарните апарати ќе бидат евидентирани во книговодствената евиденција на општината, со утврдена вредност.
Истите ќе бидат употребени/одложени во објекти сопственост на Општина Велес, со цел почитување на одредбите од Законот за управување со кризи и другите прописи од областа на управувањето со кризи.

**Член 5**
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1975/1
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

**Бр. 115**

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2019 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2019 година.

Број 08-1996/2
17.05.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес"12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 15/18 и 6/19),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2019 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1975/2
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.Гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 6/19),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2019 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2019 година**

Во Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2019 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.19/18, 2/19) се врши следнава измена:

1. Во глава III „Завршни одредби", „Предвидени средства за реализација на програмата" во табела : Ф10 Урбанистичко планирање 4 200 000 ден., сумата од 4 200 000 ден. се брише и се заменува со 1 200 000 ден.

2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1975/2
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

**Бр.116**

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2019 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2019 година.

Број 08-1996/3
17.05.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 6/19) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2019 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2019 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2019 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-1975/3
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 6/19),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2019 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2019 година**

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија за 2019 се вршат следните изменувања и дополнувања, во табеларниот преглед каде:

во точка 1: Купување на информатичка опрема, износот во планирани средства во висина од „3.000.000“ се брише и се заменува со износот од „2. 700.000“.

Понатаму во точка 6: Изработка и надградби на ИТ систем (надградба на инфраструктура, системи и податоци, адаптација на апликации или сервиси на трети лица), износот во планирани средства во висина од „350.000“ се брише и се заменува со износот „150.000“.

Во делот вкупно износот од „6.700.000“, се брише и се заменува со „6.200.000“.

2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1975/3
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

**Бр.117**

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2019 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2019 година.

Број 08-1996/4
17.05.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 6/19) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2019 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2019 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2019 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1975/4
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02), член 46, став 1 од Законот за градежно земјиште (“Сл. весник на РМ” бр. 15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16 и 190/16), а согласно Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл. весник на РМ” бр. 193/16 ), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Сл. гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 6/19) и член 145 од Деловникот на Општина Велес (“Сл. гласник на Општина Велес” бр. 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2019 година**

1.Во Програмата за уредување на градежното земјиште на просторот на Општина Велес за 2019 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.19/18) се вршат следните изменувања и дополнувања:

**во табелата Расходи,**

**Вкупниот износ од 117.500.000,00 денари** се брише и се заменува со **121.000.000,00 денари**

**програма Ф – Урбано планирање** износот 16.100.000,00 ден останува непроменет;

- **подпрограма Ф30 – Уредување на простор во рурални подрачја** износот 3.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 5.000.000,00 ден.;
- точка 1 – с.Оризари, с. Башино село, с.Црквино, Сојаклари, с. Караслари, с.Иванковци и др. износот 3.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 5.000.000,00 ден;
- **подпрограма ФА0 – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** износот 10.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 8.000.000,00 ден.;
- точка 3 – Изработка на инвестиционо техничка документација за гасификација на град Велес износот 4.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 2.000.000,00 ден;
- **програма Ј – Комунални дејности** износот 101.400.000,00 ден. се брише и се заменува со 104.900.000,00 ден;
- **подпрограма ЈД0 – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** износот 14.200.000,00 се брише и се заменува со 15.200.000,00 ден.;
- после точка 13 се додава нова точка 14 која гласи –Изведба на улици на територија на Општина Велес со кофинансирање од страна на граѓани во износ од 1.000.000,00 ден .

- **Подпрограма ЈЛ0 - Други комунални услуги (капитални расходи) износот од 5.000.000 ден се брише и се заменува со 7.500.000,00 ден.**
- точка 2 – Реконструкција на градскиот пазар учество во ЈПП износот од 1.000.000,00 се брише и се заменува со 0,00 ден.
- точка 3 – Учество во реконструкција на Градски базен, износот од 1.000.000,00 се брише и се заменува со 4.500.000,00 ден.

2.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-1975/4
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

**Бр.118**

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита на животната средина во 2019 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита на животната средина во 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2019 година.

Број 08-1996/5
17.05.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 6/19) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10)
Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2019 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита на животната средина во 2019 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита на животната средина во 2019 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1975/5
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 5/18 и 6/19) и член 145 од Деловникот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 03/09, 18/10),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2019 година донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2019 година**

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2019 година („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 19/18) се врши изменување и дополнување и тоа:

-Во Глава II. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА, во табеларниот преглед во колона Р10 “Заштита на животната средина и природата”, износот од “2.754.000“ се брише и се заменува со износ од “2.381.975“.

Понатаму во точка 3 “Стратешки документи за животна средина” износот “300.000” се брише и се заменува со износ “250.000”.
Во точка 6 Набавка на материјал за хортикултурно уредување износот “1.554.000” се брише и се заменува со износ “1.231.975”.

- Во табеларниот преглед во колона РА0 ”Заштита на животната средина и природа (капитални расходи)”, износот од “8.000.000“ се брише и се заменува со износ од "8.372.025“.

Понатаму во точка 1 “Набавка на опрема за управување со отпад – дел од Програма за управување со отпад” износот “3.000.000” се брише и се заменува со износ “2.937.465”.

Во точка 2 “Подигнување на нови зелени површини и уредување на запуштани зелени површини – согласно Програма за подигнување на нови зелени површини” износот “3.000.000” се брише и се заменува со износ “3.468.887”.

Во точка 3 “Замена на котел во општинска зграда” износот “2.000.000” се брише и се заменува со износ “1.965.673”.

2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1975/5
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

**Бр.119**

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за распределба на финансиски средства за поддршка на квалитетен спорт во Општина Велес за 2019 година**

Се објавува Решението за распределба на финансиски средства за поддршка на квалитетен спорт во Општина Велес за 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2019 година.

Број 08-1996/6
17.05.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“, бр, 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06,3/09,18/10,15/14,15/18 и 6/19), а согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2019 година („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 19/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распределба на финансиски средства за поддршка на квалитетен спорт во Општина Велес за 2019 година**

1. Со ова решение се врши распределба на средствата од Буџетот на Општина Велес на спортските клубови и спортисти од општината, согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2019 година, глава III – Поддршка на спортот во градот, реден број 1 – Поддршка на квалитетен спорт – надоместок за користење на спортски објекти, за што се предвидени средства во висина од 1.750.000,00 денари и реден број 2 – Поддршка на младински екипи – надоместок за користење на спортски објекти за што се предвидени средства во висина од 350.000,00 денари.

Распределбата на средствата е прикажана во следниот преглед:

-Поддршка на квалитетен спорт – надоместок за користење на спортски објекти,

| Ред.бр. | **Име на спортската организација Сениорски екипи** | | **Трансфер на средства во Спортска сала** |
|---|---|---|---|
| 1 | Клуб за мал фудбал „ВЕЛЕС" | 80.000 | Трансфер во ЈПССО„Парк -Спорт“ |
| 2 | Клуб за мал фудбал „ГЕМИЏИИ" | 20.000 | Трансфер во ЈПССО„Парк -Спорт“ |
| 3 | ГРК „БОРЕЦ" | 140.000 | Трансфер во ЈПССО„Парк -Спорт“ |
| 4 | Женски фудбалски клуб „БОРЕЦ" | 100.000 | Трансфер во ЈПССО„Парк -Спорт“ |
| 5 | Клуб за гимнастички спортови „ПАРТИЗАН" | 50.000 | Трансфер во ЈПССО„Парк -Спорт“ “ |
| 6 | Фудбалски клуб „ПРЕВАЛЕЦ" | 100.000 | |
| 7 | Фудбалски клуб „МЛАДОСТ" | 20.000 | Трансфер во ОФС - Велес |
| 8 | Фудбалски клуб „ИНТЕРНАЦИОНАЛ" | 20.000 | Трансфер во ОФС - Велес |
| 9 | Фудбалски клуб „ИЛИ НДЕН БС" | 20.000 | Трансфер во ОФС - Велес |
| 10 | Фудбалски клуб „БОРЕЦ 1919" | 120.000 | Трансфер во ЈПССО„Парк -Спорт“ |
| 11 | Фудбалски клуб „ГОРСКИ" | 20.000 | Трансфер во ОФС - Велес |
| 12 | Фудбалски клуб „ФОРЦА НОВА" | 20.000 | Трансфер во ОФС - Велес |
| 13 | ФК „ТОПОЛКА“ | 100.000 | |
| 14 | Кајакарски кану клуб „ВИЛА ЗОРА" | 20.000 | |
| 15 | Кајакарски кану клуб „БАБУНА" | 45.000 | |
| 16 | Кајакарски кану клуб „ВАРДАР" | 45.000 | |
| 17 | Кајакарски кану клуб „ГЕМИЏИИ" | 20.000 | |
| 18 | Кајакарски кану клуб „АРКА БОРЕЦ" | 15.000 | |
| 19 | Карате клуб „ГЛАДИЈАТОР" | 30.000 | Трансфер во ООУ„Васил Главинов“ |
| 20 | Карате клуб„БУШИДО" | 15.000 | |
| 21 | Здружение на спортски риболовци „БАБУНА" | 25.000 | |
| 22 | Спортско риболовно друштво „МЕТАЛУРГ" | 25.000 | |
| 23 | Атлетски клуб „ИЗГРЕВ" | 20.000 | |
| 24 | Младински велосипедски клуб „ВЕЛЕС" | 60.000 | |
| 25 | Здружение на спортски риболовци „КРКУШКА" | 25.000 | |
| 26 | Тениски клуб „БОРЕЦ" | 40.000 | |
| 27 | Аикидо клуб „БУШИДО" | 15.000 | |
| 28 | Карате клуб „БУДО" | 15.000 | |
| 29 | Стрелачки клуб „ВЕЛЕС" | 60.000 | |
| 30 | Кик Бокс клуб „БУДО" | 15.000 | |
| 31 | Мото клуб „МОТО ВЕЛЕС" | 35.000 | |
| 32 | Параглајдинг клуб „АКВИЛА" | 10.000 | |
| 33 | Атлетски клуб „ВЕЛЕС" | 20.000 | |
| 34 | Боречки клуб „БОРЕЦ“ | 55.000 | Трансфер во ЈПССО„Парк -Спорт“ |
| 35 | Кошаркарски клуб„БОРЕЦ БАСКЕТ" | 100.000<br>30.000 | Трансфер во ССОУ„Коле Неделковски“<br>Трансфер во ЈПССО„Парк -Спорт“ |
| 36 | Пинп онгарски Клуб Борец Тим | 10.000 | Трансфер во ЈПССО„Парк -Спорт“ |
| 37 | Пинпонгарски Клуб Патриот Галакси | 10.000 | Трансфер во ЈПССО„Парк -Спорт“ |
| 38 | Карате клуб „Гемиџии“ | 15.000 | Трансфер во ССОУ Јовче Тесличков “ |
| 39 | Клуб за бразилско Џиу Џицу „Будо“ | 10.000 | |
| 40 | Здружение на спортски риболовци „Професионал Тим" | 20.000 | |
| 41 | ЗСР„Клуб 28“ | 10.000 | |
| 42 | Сојуз на Спортови | 30.000 | |
| 43 | ГОК „Борец“ | 70.000 | Трансфер во ООУ„Блаже Конески“ |
| 44 | Боксерски клуб „Борец“ | 25.000 | Трансфер во ЈПССО„Парк -Спорт“ |
| 45 | **Вкупно** | **1.750.000** | |

- Поддршка на младински екипи – надоместок за користење на спортски објекти

| Ред. број | **Име на спортската организација Младински и кадетски екипи** | |
|---|---|---|
| 1 | ЖОК „БОРЕЦ" | 20.000<br>Трансфер во ООУ „Блаже Коневски“ |
| 2 | ГОК „БОРЕЦ" | 20.000<br>Трансфер во ООУ„Васил Главинов“ |
| 3 | ГРК „БОРЕЦ" | 20.000<br>Трансфер во ЈПССО„Парк-Спорт“ |
| 4 | Ракометен клуб „ВЕЛЕС 2009" | 20.000<br>Трансфер во ЈПССО„Парк-Спорт“ |
| 5 | Женски Одбојкарски клуб„Виола“" | 20.000<br>Трансфер во ООУ„Блаже Коневски“ |
| 6 | Кошаркарски клуб„БОРЕЦ БАСКЕТ" | 20.000<br>Трансфер во ООУ„Васил Главинов“ |
| 7 | Ракометен клуб Бисинов-Вардар | 20.000<br>Трансфер во ООУ „Блаже Коневски“ |
| 8 | Тениски Клуб Борец | 20.000<br>Трансфер во ЈПССО„Парк-Спорт“ |
| 9 | МВК Велес | 20.000 |
| 10 | Кајакарски кану клуб „ВИЛА ЗОРА" | 20.000 |
| 11 | Кајакарски кану клуб „БАБУНА" | 20.000 |
| 12 | Кајакарски кану клуб „ВАРДАР" | 20.000 |
| 13 | Кајакарски кану клуб „ГЕМИЏИИ" | 20.000 |
| 14 | Стрелачки клуб „Велес“ | 20.000 |
| 15 | Спортско риболовно друштво „МЕТАЛУРГ" | 15.000 |
| 16 | Здружение на спортски риболовци „Кркушка“ | 15.000 |
| 17 | Здружение на спортски риболовци „БАБУНА" | 15.000 |
| 18 | Здружение на спортски риболовци „Професионал тим" | 15.000 |
| 19 | Боречки клуб „Борец“ | 10.000 |
| 20 | **Вкупно** | **350.000** |

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1975/6
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

**Бр. 120**

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес**

Се објавува Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2019 година.

Број 08-1996/7
17.05.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06,3/09,18/10,15/14,15/18 и 6/19), а согласно член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2019 година („Сл. гласник на Општина Велес" бр.22/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес**

1.На Димче Зафировски од Велес му се одобрува еднократен надоместок во висина од 20 000 денари, за помош поради пожар во семејна куќа.

2.На Јорданова Илка од Велес и се одобрува еднократен надоместок во висина од 20 000 денари, за помош поради пожар во семејна куќа.

3.На Сенат Дестанов му се одобрува еднократен надоместок во висина од 20 000 денари, за помош поради пожар во семејна куќа.

4.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2018 година, Програма А - Совет на Општина Велес, Потпрограма АО - Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413, потставка 413110 - тековни резерви.

5.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Велес да го изврши наведеното решение.

6.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1975/7
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

**Бр. 121**

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред- Решение за разрешување и именување Претседател на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите**

Се објавува Заклучокот за симнување на точка од дневен ред- Решение за разрешување и именување Претседател на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2019 година.

Број 08-1996/8
17.05.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), а согласно член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 6/19),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за симнување на точка од дневен ред- Решение за разрешување и именување Претседател на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите**

1.Советот на Општина Велес, ја симнува од дневниот ред точката Решение за разрешување и именување Претседател на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите, поради доработка на истата.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување на во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1975/8
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

**Бр. 122**

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за начин на искористување на средства од Грант доделен од Светска банка преку Министерството за финансии за добро завршен проект**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02) член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19), и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.05.2019 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИН НА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ГРАНТ ДОДЕЛЕН ОД СВЕТСКА БАНКА ПРЕКУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ ЗА ДОБРО ЗАВРШЕН ПРОЕКТ**

**Член 1**

Во Одлуката за начин на искористување на средства од Грант доделен од Светска банка преку Министерството за финансии за добор завршен проект („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 21/18), се врши следното изменување:
во член 1 зборот „техничко“ се брише“, и во член 3 бројот „1.759.700“ се бришат и се заменуваат со бројот „ 3.414.237“.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Веле“

Број 25-1975/9
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

**Бр. 123**

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување претставници на Општина Велес за членови на Училишен одбор во ООУ „ЈХК Џинот“ Велес**

Се објавува Решението за разрешување и именување претставници на Општина Велес за членови на Училишен одбор во ООУ „ЈХК Џинот“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2019 година.

Број 08-1996/10
17.05.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 124, став 2 и 3 од Законот за основното образование („Сл.весник на РМ“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16,67/17 и 64/18) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување претставници на Општина Велес за членови на Училишен одбор во ООУ „ЈХК Џинот“ Велес**

Се објавува Одлука за изменување на Одлуката за начин на искористување на средства од Грант доделен од Светска банка преку Министерството за финансии за добор завршен проект, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.05.2019 година.

1.Валентин Зафиров и Спасе Пероски претставници на Општина Велес, се разрешуваат од должност член на Училишен одбор на ООУ „ЈХК Џинот“ Велес.

2.За членови на Училишен одбор на ООУ „ЈХК Џинот“ Велес, за претставници од Општина Велес се именуваат:

- Гарбиела Тодорова – професор и
- Мица Шопова - студент

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1975/10
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

**Бр.124**

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Велес**

Се објавува Решението за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2019 година.

Број 08-1996/11
17.05.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 124, став 2 и 3 од Законот за основното образование („Сл.весник на РМ“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16,67/17 и 64/18) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 06/19)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Велес**

1.Македонка Миланова претставник на Општина Велес, се разрешува од должност член на Училишен одбор во ООУ „Св. Кирил и Методиј “ Велес.

2.За член на Училишен одбор во ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Велес, претставник од Општина Велес се именува:

- Марија Амбаркова – дипломиран педагог

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1975/11
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

**Бр.125**

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес**

Се објавува Решението за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2019 година.

Број 08-1996/12
17.05.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 88, став 5 и 7 од Законот за средното образование („Сл.весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004,55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/16, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес**

1.Филип Зафиров претставник на Општина Велес, се разрешува од должност член на Училишен одбор во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес.

2.За член на Училишен одбор во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес, претставник од Општина Велес се именува:

- Анита Цветковска - студент по економија

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1975/12
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

**Бр.126**

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во ССОУ „Коле Неделковки“ Велес**

Се објавува Решението за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во ССОУ „Коле Неделковки“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2019 година.

Број 08-1996/13
17.05.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 88, став 5 и 7 од Законот за средното образование („Сл.весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004,55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/16, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во ССОУ „Коле Неделковки“ Велес**

1.Елеонора Игновска претставник на Општина Велес, се разрешува од должност член на Училишен одбор во ССОУ „Коле Неделковски“ Велес.

2.За член на Училишен одбор во ССОУ „Коле Неделковски“ Велес, претставник од Општина Велес се именува:

- Тања Танева Оцедова-филолог по италијански јазик и книжевност

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1975/13
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

**Бр.127**

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член во Управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес**

Се објавува Решението за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член во Управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2019 година.

Број 08-1996/14
17.05.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06,03/09,18/10, 15/14,15/18 и 06/19)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член во Управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес**

1.Александар Дамчевски претставник на Општина Велес, се разрешува од должноста член на Управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес.

2.За член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, претставник од Општина Велес, се именува:

- Лазе Штипјанов- магистер по технички науки

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1975/14
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

**Бр.128**

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член во Управен одбор на ЈПССО „Парк-Спорт“ Велес**

Се објавува Решението за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член во Управен одбор на ЈПССО „Парк-Спорт“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2019 година.

Број 08-1996/15
17.05.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16), член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06,03/09,18/10, 15/14 и 06/19)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член во Управен одбор на ЈПССО „Парк-Спорт“ Велес**

1. Зоран Синадиновски претставник на Општина Велес, се разрешува од должноста член на Управен одбор на ЈПССО „Парк-Спорт“ Велес.

2. За член на Управниот одбор на ЈПССО „Парк-Спорт“ Велес, претставник од Општина Велес, се именува:

- Снежана Балова професор по спорт

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1975/15
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

**Бр.129**

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес**

Се објавува Решението за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2019 година.

Број 08-1996/16
17.05.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 100 став 3 од Законот за здравствена заштита („Сл.весник на РМ“ бр.43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 93/17 и 20/19), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14,15/18 и 06/19),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес**

1. Снежана Бисинова Ефтимова претставник на Општина Велес, се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавната здравстевена установа Здравствен дом Велес.

2. За член на Управниот одбор на Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес, претставник на Општина Велес се именува:

- Тодор Јаковлевски - специјалист по офталмологија

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1975/16
16.05.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

| Бр. на акт | | Страница |
|---|---|---|
| 114 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за прифаќање на донација од Друштвото за производство на предиво и конец Ветекс АД Велес** | 1167 |
| | **ОДЛУКА за прифаќање на донација од Друштвото за производство на предиво и конец ВЕТЕКС АД Велес** | |
| 115 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2019 година** | 1168 |
| | **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2019 година** | |
| 116 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2019 година** | 1168 |
| | **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2019 година** | |
| 117 | **З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2019 година** | 1170 |
| | **З А К Л У Ч О Кза донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2019 година** | |
| 118 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита на животната средина во 2019 година** | 1172 |
| | **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита на животната средина во 2019 година** | |
| 119 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за распределба на финансиски средства за поддршка на квалитетен спорт во Општина Велес за 2019 година** | 1173 |

| Бр. на акт | | Страница |
|---|---|---|
| | **Р Е Ш Е Н И Е за распределба на финансиски средства за поддршка на квалитетен спорт во Општина Велес за 2019 година** | |
| **120** | **З А К Л У Ч О Кза објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес** | **1176** |
| | **Р Е Ш Е Н И Е за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес** | |
| **121** | **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред- Решение за разрешување и именување Претседател на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите** | **1176** |
| | **З А К Л У Ч О К за симнување на точка од дневен ред- Решение за разрешување и именување Претседател на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите** | |
| **122** | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за начин на искористување на средства од Грант доделен од Светска банка преку Министерството за финансии за добро завршен проект** | **1177** |
| | **ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИН НА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ГРАНТ ДОДЕЛЕН ОД СВЕТСКА БАНКА ПРЕКУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ ЗА ДОБРО ЗАВРШЕН ПРОЕКТ** | |
| **123** | **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување и именување претставници на Општина Велес за членови на Училишен одбор во ООУ „ЈХК Џинот“ Велес** | |
| | **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување претставници на Општина Велес за членови на Училишен одбор во ООУ „ЈХК Џинот“ Велес** | |
| **124** | **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Велес** | **1178** |
| | **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Велес** | |

| Бр. на акт | | Страница |
|---|---|---|
| 125 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес** | 1178 |
| | **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување ретставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес** | |
| 126 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во ССОУ „Коле Неделковки“ Велес** | 1179 |
| | **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во ССОУ „Коле Неделковки“ Велес** | |
| 127 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член во Управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес** | 1180 |
| | **Р Е Ш Е Н И Езa разрешување и именување претставник на Општина Велес за член во Управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес** | |
| 128 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член во Управен одбор на ЈПССО „Парк-Спорт“ Велес** | 1180 |
| | **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член во Управен одбор на ЈПССО „Парк-Спорт“ Велес** | |
| 129 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес** | 1181 |
| | **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес** | |

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095  Народна банка на РМ
Сметка на буџетски  корисник:  711014100963010
Приходна шифра и програма  725939 - 00